## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на закон за советодавен систем за земјоделство и рурален развој |
| Одговорно лице и контакт информации: | Гоце Георгиевски, Раководител на сектор за рурален развој, тел +3892 3241 821, info@mzsv.gov.mk |
| Вид на Извештај | ☐Нацрт<br>☒Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☒НПАА<br>☐Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐Друго ______________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | Regulation (EU) No 1306/2013 |
| Дали предлог извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 27.07.2022 |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | 27.07.2022 |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | 14.09.2022 |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | 31.10.2022 |

### 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

#### *1.1 Опис на состојбите*

Постоечката правна рамка, за управување, координација и регулирање на давањето на советодавни услуги во секторот е несоодветна бидејќи опфаќа само еден учесник од јавниот сектор. Ова треба да се зајакне за да се обезбедат појасни структури на управување и координација на советодавните услуги во јавниот и приватниот сектор, воспоставување минимални стандарди за давање советодавни услуги и да се воспостави ефикасна рамка за регулирање на финансиските ресурси кои може да се стават на располагање за поддршка на воспоставувањето, работењето и испораката на системот за советодавни услуги.

Анализите и истражувањата во секторот земјоделство покажуваат тенденција на зголемена миграција од село во град и намалување на бројот на луѓе кои живеат во руралните средини, при што ваквата состојба предизвикува недостиг на стручни лица кои можат да придонесат во развојот на руралните средини преку давање на совети. Како резултат на ваквите состојби потребно е да се направи правна рамка која ќе овозможи простор да групи и поединци бидат насочени и поддржани од државата во организиран систем чија цел ќе биде професионално и експертско делување преку советување на директните чинители во земјоделското производство.

### 1.2 *Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

- увидени се преоптовареност, недоволно ресурси и некоординиран советодавен капацитет на јавниот сектор, и напори да се балансира исполнувањето на главните (и растечки) административни и советодавни функции. Пристапот до фармерите е ограничен поради ограничениот број на советници на системот и недостатокот на ресурси. Приватните советници се главно активни во земјоделско-прехранбената индустрија со давање услуги главно на најразвиените производствени сектори.

- Врските помеѓу советодавните услуги, обуката, образованието и истражувањето се ретки, или недостасуваат и/или се неефикасни што доведува до недостаток на механизми за координација кои ја олеснуваат синергијата помеѓу тековните советодавни услуги и институциите за обука, образование и истражување.

- Давањето на советодавни услуги е со променлив квалитет, достапност, доверливост и/или доследност. Овие услуги во моментот се обезбедуваат и преку даватели од јавниот и приватниот сектор (претежно од АПРЗ), со ограничена координација и ограничени информации достапни за земјоделците за тоа кој што нуди. Исто така, нема јасна слика во однос на обезбедувањето информации и обука (што се разликува од давањето совети) особено во мрежата на даватели на совети во јавниот сектор. Тие доминантно обезбедуваат информации на фармерите за конкретни теми, и совети главно насочени за подготовка на ИПАРД апликација.

## 2. Цели на предлог регулативата

Воспоставување на квалитетен советодавен систем преку обезбедување совети за правилна примена на законодавството на ЕУ и националното законодавство во областа на земјоделството и руралниот развој. Советодавниот систем се воспоставува со цел да се подигне и подобри нивото на знаење, вештините и капацитетот на земјоделците во руралните средини, преку обезбедување совети за правилна примена на добрите земјоделски и еколошки практики, како и помош во поддршката за подобрување на конкурентноста во земјоделството и оддржливите земјоделски практики.
Особено важна цел на регултивата е структурално и организационо подобрување на постоечкиот советодавен концепт во Република Северна Македонија. Со пропишување на видовите и типовите на советници, програмите и видот на обуките низ кои треба да поминат, условите кои ќе треба да ги исполнат за да бидат регистрирани потенцијалните даватели на услуги ќе се постигне поголема конкурентност, подобар квалитет и зајакнување на капацитетите на давателите на советодавни услуги.

## 3. Можни решенија (опции)

### *3.1 Опис на решението „не прави ништо“*

Доколку се прифати решението: „не прави ништо“, Република Северна Македонија во областа на секторот земјоделство предизвикува состојба на спор, нерамномерен и неквалитетен рурален развој. Не усвојувањето на законот ќе значи немање на добро организиран систем на давање на совети и советодавни услуги кон крајните корисници во руралните средини. Советодавен систем кој е неразвиен и неорганизиран ќе значи слаба имплементација на сите стандарди на ЕУ за квалитет на земјоделски производи, заштита на природата и ресурсите во земјоделското производство, размена на знање и вештини како и доброто и ефикасно менаџирање со земјоделските стопанства и бизнисите во агро секторот.

### *3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Со законот се предвидува:

- формирање на советодавниот систем за земјоделство и рурален развој (АСАРД) и систем на знаење и информации во земјоделството ( АКИС)
- развој на стратегија за АКИС
- препораки за развој на наставните програми за стручно образование и обука за советници и даватели на советодавни услуги
- дефинирање на опсегот на советодавни услуги
- препораки за програмите за обука на земјоделците и другите заинтересирани страни во руралните средини во согласност со редовните проценки на потребите за обука
- воспоставувањето соработка помеѓу различни тела и институции вклучени во истражувањето, советувањето, образованието и иновациите преку координација и вмрежување
- сертификација на советници
- регистрација и лиценцирање на даватели на советодавни услуги
- воспоставување и одржување на интерактивен ИТ систем за АСАРД

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

### *4.1 Економски влијанија*

Значењето на земјоделскиот сектор во поглед на приходите од извозот во трговијата, вработувањето, егзистенцијата и вкупниот придонес во БДП остануваат исклучително важни за земјата и нејзиниот иден просперитет, обезбедувајќи една од најзначајните можности за економски раст.

Овој закон ќе обезбеди основа за воспоставување на советодавен систем кој ќе биде дизајниран да одговори на потребите за советодавни услуги во земјоделството и на претпријатијата во руралните области. Систем дизајниран во оваа насока, може да помогне да се зајакне пристапот до најновите знаења, информации и совети, кои ќе продуцираат промени во управувањето со фармата. Со совети за производствени техники кои можат да помогнат да се решат клучните проблеми со продуктивноста, ќе се подобри стандардот на производите, ќе се имплементираат иновации и ќе се обезбеди значителен економски раст и поврат на секоја направена инвестиција.

### 4.2 *Фискални влијанија*

Со Законот за воспоставување на советодавен систем за земјоделство и рурален развој не се предвидуваат нови фискални импликации, односно не се потребни дополнителни финансиски средства за негово спроведување.

### 4.3 *Социјални влијанија*

Потребите на руралните домаќинства и поширокото рурално население растат, како што се менува земјоделскиот сектор, а можностите за вработување на фармите стануваат се поограничени.
Законот ќе обезбеди рамка за дизајнирање на советодавен систем кој може да помогне да се одговори на потребите на оваа поширока група учесници на пазарот и нови можности за започнување бизнис, обезбедувајќи насочена поддршка за подобрување на довербата во земјоделците и квалитетот на земјоделско-прехранбените производи, развојот на нови производи, подобрен маркетинг и развој на бизнисот како и зголемен пристап до основниот инвестициски капитал.

### 4.4 *Влијанија врз животната средина*

Бидејќи земјоделските и руралните деловни практики се прилагодуваат на промените во нивното пошироко опкружување, постои клучна потреба да се осигураме дека новите практики што се воведуваат се еколошки и одржливи и во согласност со обврските на правото на ЕУ. Тоа практично значи, обезбедување на совети преку овој систем со кои, сите нови работни методи и практики ќе бидат усогласени со современите најдобри практики за земјоделство и заштитата на животната средина.

### 4.5 *Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување*

Не се потребни дополнителни трошоци за спроведување на законот.

*б)трошоци за почитување на регулативата*

Не се потребни дополнителни трошоци за почитување на регулативата.

## 5. Консултации

### 5.1 *Засегнати страни и начин на вклучување*

Нацрт текстот на Законот за воспоставување на советодавен систем за земјоделство и рурален развој, го подготви работна група формирана од Министерот за земјоделство,шумарство и водостопанство, во соработка со проект финансиран од европската унија, проект: Модернизација на советодавните услуги за оператори во земјоделскиот сектор во Северна Македонија.
Од одржаните работни средби произлегоа конкретни предлози и забелешки во врска со предлог Законот за воспоставување на советодавен систем за земјоделство и рурален развој, кои беа земени во предвид и вградени во истиот.

### 5.2 *Преглед на добиените и вградените мислења*

Преку Единствениот национален регистар на прописи не се дадени предлози и мислења по основ на членовите од предложениот закон.

### 5.3 *Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

Преку Единствениот национален регистар на прописи не се дадени предлози и мислења по основ на членовите од предложениот закон.

## 6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

Позитивни влијанија:
Развиен и функционален АСАРД и АКИС систем/доколку не се воспостави законска основа за АСАРД и АКИС нема простор државата да изработува програми и да ја развива дебатата за потребите на услуги за совети на земјоделските стопанства
Прецизна и ефективна стратегија за АКИС/ без стратегија за АКИС вклученоста на сите релевантни здруженија, институции и асоцијации ќе биде минимална, со формирањето на АКИС совет ќе се изработи стратегија која ќе влијае на подобрување на квалитетот на стручноста на советите во секторот земјоделство
Развој на соодветни наставни програми за стручно образование и обука за советници и даватели на советодавни услуги/со законот ќе се овозможи систем каде се предвидуваат редовни обуки врз основа на соодветни програми за развој на советниците и обезбедување поквалитетни советници
Реализирање на целокупниот опсег на советодавни услуги/ доколку не се дефинираат типови на советодавни услуги постои опасност да одреден подсектор и вид на производство да не бидат покриени со квалитетни и обучени даватели на совети

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*
Како резултат на изнајдените решенија со членовите во овој закон не постојат реални ризици при спроведувањето на истите

*6.3 Препорачано решение со образложение*
- формирање на советодавниот систем за земјоделство и рурален развој (АСАРД) и систем на знаење и информации во земјоделството ( АКИС)
- развој на стратегија за АКИС
- препораки за развој на наставните програми за стручно образование и обука за советници и даватели на советодавни услуги
- дефинирање на опсегот на советодавни услуги
- препораки за програмите за обука на земјоделците и другите заинтересирани страни во руралните средини во согласност со редовните проценки на потребите за обука
- воспоставувањето соработка помеѓу различни тела и институции вклучени во истражувањето, советувањето, образованието и иновациите преку координација и вмрежување
- сертификација на советници
- регистрација и лиценцирање на даватели на советодавни услуги
- воспоставување и одржување на интерактивен ИТ систем за АСАРД

## 7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

Нема потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во други сродни области

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

Со донесување на законот се предвидува и донесување на подзаконски акти во рок од два месеца од донесувањето на законот. Се предвидува донесување на подзаконски акт за имплементација на законот, односно со членовите во правилникот ќе се изврши доуредување на законската материја.

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Надлежен орган за спроведување на Законот за воспоставување на советодавен систем за земјоделство и рурален развој е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Надлежност за спроведување на одредени одредби од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон ќе има и Државниот инспекторат за земјоделство преку државните инспектори за земјоделство.

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

-формирање на Совет за мониторинг и координација на АСАРД и АКИС
-редовни препораки за дефинирање на опсегот на советодавни усклуги
-сертификација на советници
-лиценцирање на даватели на советодавни услуги
-проверки и контроли на државниот инспекторат за земјоделство во рамките на пропишаните надлежности

## 8. Следење и евалуација

*8.1 Начин на следење на спроведувањето*

Спроведувањето на законот и ефектите од истиот ќе се врши континуирано од страна на релевантните сектори и одделенија во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Евалуација на ефектите ќе се врши една до две години по денот на влегување во сила на законот во рамките на надлежниот сектор од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
- бројот на регистрирани даватели на советодавни услуги;
- број на сертифицирани советници;
- анализа на ефектите од развиентите програми за стручно образование и обучување на советниците
- следење и анализирање на состојбите со АСАРД и АКИС

**Изјава од министерот**

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

**Датум:** 30.06.2023

..................................................
**потпис на министерот**